Билјана РИСТОВСКА-ЈОСИФОВСКА

УДК 94(497.7)(049.3)
94(=16)(049.3)

# РОМАНОТ ЗА АЛЕКСАНДАР КАКО ИЗВОР ЗА „СЛАВЈАНСКО-МАЌЕДОНСКАТА ОПШТА ИСТОРИЈА“ ОД ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ

Клучни зборови: *Александар Македонски, „Славјанско-маќедонска општа историја“, Словени, словенофилство, Македонија, Македонци.*

„Славјанско-маќедонската општа историја“ од Ѓорѓија М. Пулевски[1] претставува прв комплетен историографски труд на македонски јазик, завршен кон крајот на XIX век. Ракописот се состои од над 1700 страници пишувани на рака со морово мастило. Извадоци од неа се објавени во 1973 година[2], а интегралното презентирање на текстот е направено дури во 2003 година во Скопје[3].

---

[1] Ракописот на Пулевски се чува во Бугарскиот историски архив при Народната библиотека во Софија (БИА НБКМ, кол. 84, оп. 1, а.е. 12). Препис во доста скратена верзија на Историјата на Пулевски (веројатно од истиот препишувач како и на неговата Јазичница) се чува во Централниот државен архив во Софија. Насловот на преписот гласи: *Сла́вянско-ма́ке́донска́ обща́ исто́рия за сви́ по́луо́стровски народности.* Георгия М. Пулевски от с. Галечник, Дебърско. (ЦДА, ф. 771, оп. 1, а.е. 328). Микрофилм од Историјата сега има и во Државниот архив на Република Македонија.

[2] Блаже Ристовски, *Неколку одломки од обемната „Славјанскомаќедонска општа историја“ на Ѓорѓија М. Пулевски од 1892 година,* Историја, IX, 2, 1973, 321-358; Idem, *Одбрани страници.* Избор, редакција предговор и забелешки д-р Блаже Ристовски, Скопје, 1974, 113-257; Idem, *Портрети од македонската литературна и национална историја,* I, Скопје, 1989, 290-291. Не може да не се спомене и изданието што го приредил Т. Саздов (Ѓорѓија Пулевски, *Избрани текстови,* Скопје, 1985), во коешто некритички е пренесен целиот објевен текст на Историјата од изданието на Б. Ристовски од 1974 година (преиздавачот не ги отстранил ни фуснотите од претходното издание).

[3] Ѓорѓија М. Пулевски, *Славјанско-маќедонска општа историја.* Подготовка: Блаже Ристовски, Билјана Ристовска-Јосифовска, Скопје, 2003, 1060. За податоците од Историјата на Пулевски, види и: Блаже Ристовски, *Прилог кон проучувањето на македонските национални научно-литературни друштва и афирмацијата на*

Значењето на ова дело е многустрано и не се огледува само во фактот што е тоа првиот засега познат ваков комплексен и комплетен историографски обид на македонски јазик, туку тоа содржи и многубројни историски и културно-етнографски податоци, како и посебен дел посветен на граматиката на *неговиот македонски литературен јазик*. Делото е напишано со кирилица (и со некои руски, српски и грчки букви), во основата на мијачки западномакедонски говор, но содржи и зборови не само од другите македонски говори туку и од повеќе словенски јазици. Неговиот за нас необичен, но истовремено и оригинален јазик го прави текстот на оваа Историја да биде исклучително привлечен за читателот и многу значаен за идните истражувачи од сите области што се опфатени во неа.

Самиот наслов на првата страница гласи: *славянско-макьедонска општа история. за сви пол-острофски! народности. написана је. по славянски-макьедонско наречение. за да я разбирајет! сви пол-острофски славяни.* Со тоа Пулевски ја посочува темата на овој проект, јазикот на кој ќе биде напишана книгата и мотивите за тоа. Пулевски уште во насловот на првата глава го испитува потеклото на Македонските Словени. И покрај тоа што Пулевски ги смета за македонски владетели сите цареви и кралеви што стоеле на чело на државите во кои влегувала Македонија низ историјата, сепак тој како најсветли точки од минатото на Македонците ги истакнува периодите кога постоеле автохтони држави и владетели. Тој го глорифицира минатото на Македонците и посебно го истакнува словенскиот елемент во македонската етногенеза. Но пишува и за сите балкански народи, особено за словенските што имале каква било врска со историските случувања во Македонија.

Всушност, ако се изземат некои наивни делови од Историјата на Пулевски, како што е, на пример, библиското толкување за потеклото на Македонците и слично, добиваме една многу логична концепција и цврста композиција на делото: наслов, краток осврт на главната тема – потеклото, јазикот и историјата на Македонците;

---

*македонската национална и државносна мисла*, зб.: Развиток на државноста на македонскиот народ, Скопје, 1966, 182-186; Билјана Ристовска – Јосифовска, *Кралевите Волкашин и Марко во Славјанскомакедонската општа историја на Ѓорѓија Пулевски*, во зб.: Кралот Марко во историјата и во традицијата. Прилози од научниот собир одржан по повод 600-годишнината од смртта на кралот Марко, Прилеп, 1997, 113-120; Idem, *Ѓорѓија М. Пулевски - револуционер и културно-национален деец* (докторска дисертација), Скопје, 2003, 106-188; Ѓорѓија М. Пулевски, *Славјанско-македонска општа историја*, XXIX-XXXIX.

содржина; опширен текст за античката историја и особено за владеењето на Александар Велики; завладувањето на Македонија од страна на Рим; бугарската историја, во која го става и владеењето на Самуил и неговите наследници, со многу важни заклучоци за нивното етничко потекло; пишува за српската историја, во која раскажува и за Мрњавчевци, но исто така со особено интересни забелешки; пишува и за историјата на Турција, во која ги опишува настаните до крајот на векот, а завршува со Руско-турската војна и ослободувањето на Бугарија. За крај, додава и дел „за поносене македонско" наместо завршни зборови; етнографски дел „за настојашти полостровски нареченији" и граматички дел „за словестност македонски". Така Пулевски го заокружува своето дело со посебно истакнување на македонскиот етнос и на македонскиот јазик.

Меѓутоа, еден од најважните, но и најинтересните делови од Историјата на Пулевски е, секако, неговото опширно и подробно раскажување за најстарата историја на Македонија и на Македонците. Притоа, тој му посветува посебно место на периодот на царувањето на Александар Македонски и неговите походи, проткаени со најневеројатни приказни, со фантастични настани и митолошки суштества. Неговото воспевање на Александар Македонски се совпаѓа со времето во кое живеел, кога се јавила природна потреба идеалите за ослободување на Македонија и за создавање сопствена држава да бидат поткрепени со историски докази за славното минато на народот[4]. Тоа е времето на засилените тенденции на соседите да докажат дека македонскиот народ е грчки, српски или бугарски, кога во Македонија започнува да се раѓа една специфична манифестација на напор за самодокажување преку истакнување на идејата дека сме директни потомци на Старомакедонците, на кралот Филип II и посебно на Александар Македонски и дека тие биле Словени. Овие романтичарски национални идеи наоѓаат погодна почва сред македонскиот народ и во пишаниот збор, како природна нужна одбрана на своето национално име во услови кога не постои македонска држава, ниту пак е признаена посебноста на македонскиот народ[5]. Во тие текови од развитокот на националната мисла кај

[4] Пулевски го воспева Александра и во некои претходни свои дела, како што се стихозбирката (во два дела) „Македонска песнарка" и поемата „Самовила Македонска".

[5] Александар Трајановски, *Црковно-училиштите општини во Македонија,* Скопје, 1988, 323-324.

Македонците, Пулевски е еден од главните поддржувачи на овие тенденции, којшто целосно се вклопува во нив со своите дела[6].

Словенството како етнички белег на Македонците започнува да се зацврстува уште од почетокот на XIX век. Тоа се користи за обележување на посебноста на Македонците главно од Грците. На словенското „племенско име" на народот и на јазикот се инсистира речиси без исклучок во најголемиот дел од литературата создадена на македонски јазик во текот на целиот век. Особено се истакнува народскиот јазик, со што се прави дистанцирање и од црковнословенскиот и се врши приближување до народниот јазик преку внесување на „простиот" народен говор во писмената традиција. Македонците постепено почнуваат да ја воочуваат и да ја чувствуваат и разликата помеѓу нив и соседните словенски народи. Со цел што повеќе да ја истакнат таа разлика, тие се свртуваат кон античката историја и го истакнуваат македонскиот крал Александар Македонски како свој симбол. Но поради отпорот од Грците, коишто инсистираат на грчкиот карактер на античката македонска историја, Македонците му придодаваат на Александра словенско потекло, со цел да ја истакнат својата посебност, овој пат и од Бугарите и од Грците[7]. Како специфичен израз на своето време и тенденциите на Македонците да ја истакнуваат големината и славата на античката историја на Македонија, Пулевски му посветил посебно внимание на Александар Македонски, особено во „Славјанско-маќедонската општа историја".

Според она што Пулевски самиот го одбележува во овој ракопис, може да се направи прилично долг список на користени дела. Најголемиот дел од нив јасно се посочени од Пулевски, но за некои од нив, поради изврteното име на авторите и на нивните дела,

---

[6] Словенофилскиот лик на Пулевски може да се согледа и во насловите на најголемиот дел од неговите дела, каде што е содржан и белегот „славјански" (во тријазичникот од 1875 година тој пишува „С. Македонски – Арбански – Турски", а под кратенката *С.* Македонски подразбира *Славјанско*-македонски; „*Славянско*-насельениски-македонска слогница..." (1880) и последното и најобемно дело „*Славянско*-макьедонска општа история"). За словенофилскиот лик на Пулевски, меѓу другото, укажува и името на неговата *Словенско* македонска книжевна дружина што ја формирал во 1888 година во Софија. Потенцираното словенофилство директно може да се разгледува и преку неговото постојано трагање по заедничките нишки со другите словенски народи, притоа не заборавајќи да ја нагласи и посебноста на македонскиот народ и јазик.

[7] Блаже Ристовски, *Македонскиоӣ народ и македонскаӣа нација,* I, Скопје, 1983, 193-196.

можеме само да претпоставуваме. Притоа треба да се забележи дека Пулевски, освен што ги цитира лично користените автори и нивните дела, тој понекаде цитира и според други автори што ги користеле. Истовремено, понекогаш изостава да го цитира својот извор, иако преку анализа на текстот може да се утврди дека непосредно го користел. Некогаш, пак, својата интерпретација ја темели не врз изворниот текст, туку врз објаснувањата од редакторот на изданието, без да го наведе тоа. Податоците од изворите, што се основа на неговата книга, Пулевски во голема мера ги видоизменува и украсено ги проширува, главно без да ја промени фактографијата. Всушност, понекаде тој се обидува да создаде некој вид драма, па со својата фантазија и со приемливиот и едноставен народски стил успева да ги претстави настаните низ многу живи сцени, исполнети со драматика, но и со идеја. Она што посебно го разубавува неговото раскажување на историските настани и интересните случки е и јазикот со којшто ги опишува - народен и близок на македонскиот читател.

Притоа, секогаш ја следи сопствената идеја - првенствено да биде претставена македонската историја или она што тој го сметал како дел од историјата на Македонците, нивното потекло, име и владеење. Пулевски главно доследно ги прераскажувал мислењата на другите историчари, употребувајќи го својот јазик, правопис и стил, проследени со неговиот специфичен народски израз, а понекаде и со извесна драматика, доколку тоа му било потребно да засили некој свој став или претстава. Тоа особено дошло до израз во делот посветен на животот и делото на Александар Македонски. Како основа на своите пишувања за Александар Македонски тој го спомнува т.н. „*царственик вельики альексанdров*“, зад што, најверојатно, се крие некоја верзија на познатиот *Роман за Александар (Александридата)* на некој словенски јазик.

*Романот за Александар* или *Александридата* се смета за едно од најчитаните и најпопуларните дела во светската литература по Библијата. Најстарата верзија е настаната можеби во II или I век пр. н. е. во Александрија. Настаните во неа се прикажани на фантастичен начин. Според некои истражувачи, Романот е настанат од збирка народни приказни за Александрија, или тоа е народна книга врз основа на фиктивни писма на Александар до Аристотел и до Олимпијада, или пак конечната форма ја добил со спојување на историографскиот, епистолографскиот и фолклористичкиот елемент. Подоцна таа му се припишувала на Калистен, којшто живеел во втората половина на IV век пр. н. е. и го следел Александар Маке-

донски на неговиот поход во Азија. Неговиот спис „Делата на Александар" влијаел со своите фантастични приказни на Романот за Александар (подоцна се именува како Псевдо-Калистен). Врз база на оваа најстара верзија на Романот се темелат повеќе преводи, а како највистинит историографски спис за Александровите походи се смета *Анабазата* од Аријан (95-175), којшто ги прикажал настаните без фантастичноста што била својствена за најголемиот дел од литературата за македонскиот крал. Од I век на н.е. е зачуван и опис на Александровиот живот од римскиот писател Курциј Руф, исто така без фантастичните епизоди. За Александровите походи е направен и еден популарен приказ во 12 книги од Клитарх од Александрија. Романот за Александар постигнал голем успех и веќе во почетокот на IV век Јулиј Валериј го превел на латински јазик и во 40-тите години од истиот век е настанат и нов латински превод како „Опис на Александровите походи", а од V или VI век потекнува и преводот на ерменски, на коптски и на сириски јазик. Во V век е создадена нова елинизирана верзија во тогашната Византија, како и верзија со еврејско-христијански елементи, која извршила влијание врз средновековната народна литература, особено врз народната поезија кај Грците и кај словенските народи.

Во текот на средновековјето, заклучно со XVI век, се смета дека биле познати над 90 верзии на над 30 јазици. Меѓутоа, средновековните препишувачи и приредувачи се потрудиле да ги модифицираат настаните и личностите според средновековниот модел на општество и владетел. За таа цел биле заменувани историските факти со фантастични приказни, како таа дека татко на Александар му бил кралот Нектенаб, син на богот Амон (за да му се обезбеди божествено потекло) или пак дека, наводно, со посредство на пророкот Еремија, Александар почнал да верува во богот Саваот (со цел паганинот Александар да го преобратат во христијанин) итн. Во средновековната книжевност кај јужнословенските народи започнале да навлегуваат најпрвин преку глаголските ракописи во Далмација од XIII век, а потоа се проширувале и во разните кирилски преписи и обработки. Меѓутоа, популарноста на Романот за Александар не згаснала ниту по ликвидирањето на феудалните држави на Балканот, туку продолжила и во следните векови. Тој бил популарен и во земјите во кои навлегло движењето на хуманизмот и ренесансата, па многу дубровнички поети од XVI и XVII век го опеваат Александар

Велики, и тоа според средновековниот модел на прикажување на неговиот живот и подвизите[8]. Освен тоа, мотиви од ова дело влегле и во народната традиција, а неговото влијание продолжило и во текот на XIX век. По појавата на печатарската техника се направени повеќе изданија на Романот за Александар на разни словенски јазици[9]. Денеска, на низата обработки на словенски јазици, можеме да додадеме дека и „Славјанско-маќедонската општа историја" од Ѓорѓија М. Пулевски содржи една современа македонска верзија на Александридата[10], создадена речиси истовремено со таквите верзии

---

[8] Што се однесува за западноевропската литература, во X век архипрезвитерот Леон направил верзија на латински јазик „Историја на битките", а во XI век во Англија е преведено едно писмо од Александар до Аристотел. Со почетокот на Крстоносните војни се појавуваат голем број преводи и обработки на разни јазици. Во Франција, Валтер Д' Шатијан ја испеал својата латинска Александрида (1180). Кон крајот на XI или почетокот на XII век е настанат стихуваниот препев на франко-провансалски дијалект од Олбреј Д' Пизансан, чиешто име е познато според германскиот превод на клерикот Лампрехт од XII век, како и епот за Александар од француските поети Ламбер ли Тор и Александар Д' Берне. Од XIII век се познати стихуваните обработки на Рудолф од Емс и Урлих од Ешнбах, англискиот спев „Кралот Александар", како и „Книгата за Александар" од Шпанецот Гонзало де Версло. Во периодот од XIV до XV век постојат цела низа автори, чиишто дела произлегле од Романот за Александар: Зајфрит во Германија (1352); Јоханес Хартлиб; Доменик Споларij во Италија (XIV век); *Александрида* во стихови од 1512 година; Доменик Фелуџи (1521). Романот за Александар довел и до создавање сага за Исканер (Александар) во земјите на Истокот и бил опеан од повеќе поети како муслиман и идеален владетел: Фирдоуси (ок. 1000), Нисами (XII в.), Алишер Навои (1441-1501), Џами, ал-Туртуши итн. (Квинт Курций Руф, *Историја Александра Македонскога.* Сохранившиеся книги, Москва, 1963; 9-15; *Из наше књижевности феудалног доба.* Избор, редакција, превод и коментари др Драгољуб Павловиќ, др Радмила Маринковиќ, Београд, 1969, 129-133; Псеудо - Калестен, *Живот и дјела Александра Македонскога. Старогрчки роман о Александру према рукопису I.* Превод, предговор и коментар Др Здеслав Дукат, Нови Сад, 1980, 21-39; д-р Симо Младеновски, во кн.: Непознат византиски автор, *Александар кралот на Македонците.* Превод Ленче Милошевска, Скопје, 1994, 5-8).

[9] *ІСТОРІА на ВЄЛИКІЙ АЛЕКСАНДРА МАКЕДОНЦА.* Кои҃то ѡпи҃сова не́гового рожде́нїе, живо́тъ, ю҆на́чество и҆ сма́рть. Преве́де ѡ҆тъ Гр҃цкн, Ка́рловскїй Славено-Бл҃гарскїй у҆чи́тель ХРИСТО П. ВАСІЛІЕВЪ ПРОТОПОПОВИЧЪ ѡ҆тъ Ка́рлово. БѢЛЪГРАДЪ. Въ Кнѧжеско-Ср҃бската Ти҃пографїѧ. 1844; *ІсторІя Александра Великогъ цара македонскогъ,* коя описуе нѣгово роѣенѣ, животъ и храбростъ безсмртну. Препечатио по другїй путъ на србскїй єзыкъ Ђорђе Ћировиќъ, Пироѣанацъ. У Београду, При Кнѧжества Србскогъ Кньигопечатньи, 1851; *Приповѣтка о Александру Великом у старој српској књижевности.* Критички текст и расправа од Стојана Новаковиќа, Београд, 1878.

[10] Првиот превод на една верзија од анонимен византиски автор (*Vita Alexandri regis Macedonum/anonymi byzantini/*) на современ македонски јазик е направен дури во 1994 година (Непознат византиски автор, *Александар кралот на Македонците.* Превод Ленче Милошевска, Скопје, 1994).

кај другите балкански народи. За жал, бидејќи Историјата од Пулевски останала во ракопис цели 110 години по смртта на авторот (во 1893 година), овој значаен дел од текстот останал непознат за јавноста во целост.

И во обидов да се осврнеме на Романот за Александар во „Славјанско-маќедонската општа историја", од една страна, се јавува прашањето: дали и како е искористен Романот во делото на Пулевски? Од друга страна, интересно е прашањето: кое издание на оваа позната книга било најнепосредно употребено и она што е можеби најинтересно е како Пулевски ги пренел информациите од својот извор - што одзема, а што дополнува во приказната?

Мора да се забележи дека Ѓорѓија Пулевски многу вешто успеал да го инкорпорира Романот за Александар во своето дело, притоа создавајќи една посебна и наместа оригинална верзија, во која внел прилично македонски дух и видување. Всушност, вгнездувањето на приказната во неговата Историја не го сторил со цел да биде можеби проучуван на ваков начин, туку тој едноставно ја искористил Александридата како свој извор за историјата на владеењето на Александар Македонски, херој во когошто верувал и го славел и во претходните свои дела. Фактички, речиси целиот „Дел II-ри от 900 години до 148 год. пред Христа"[11] е пополнет со настаните од споменатиот Роман, но и нешто повеќе од тоа. Имено, овој дел започнува со „Книга II-ра от 900 год. до 329-та година пред Христа", во којшто најпрвин расправа за геополитичката позиција на Македонија во наведениот период. Потоа пишува за „старо-временско насељение макьедонско", за „старовременските макьедонски Славяни", односно „старите Макьедонци" и притоа ги наведува „старите славянски-макьедонски сојеви" (Линкестиди, Орести, Пелагонци, Кумани, Долноземци и др.)[12]. Во општата етно-историска слика што се обидел Пулевски да ја наслика на почетокот од своето раскажување за античката историја на Македонија, е содржана и расправа околу името на старите градови (Пела и Јенес), како и познатата и исклучително интересна приказна за потеклото на името *Македонија* - од *Мајка Дона (Мака Доно, Мајкина Доно)*[13].

Како и секој добар историчар, врз основа на општиот вовед за Македонија и нејзиното население, тој го започнува пишувањето за

[11] Ѓорѓија М. Пулевски, *Славјанско-маќедонската општа историја*, 44-204.
[12] Ibid, 45-46.
[13] Ibid, 46-47.

историјатот на античката македонска држава и редоследот на нејзините владетели сè до зацарувањето на Александар Македонски. Во овој дел се зборува и за владеењето на Филип II, зачнувањето на Александар со гревот на Олимпијада и царот Нектенавија, Александровото раѓање, неговото воспитување и животот до смртта на Филип[14], коишто се веќе содржини од Романот за Александар. Меѓутоа, според видувањето на Пулевски, вистинската приказна за владеењето на Александар Македонски започнува дури со неговото зацарување, па токму затоа тој отвора посебна „Книга III-кья" за „Царственик Вельики Альександров от 329-та год. до 311-та година пред Христа" и ја води до труењето и смртта на Александар[15]. Веќе во следната „Книга IV-та од 311-та до 148-ма год пред Христа" во една глава прави расправа околу разликите што ги сретнал во литературата околу Александровите *војводи*[16], а во другите две прави краток вовед во третиот дел што се однесува за римското завладување[17].

Пулевски нè води низ фантастичните доживувања на Александар Македонски, којшто презел, наводно, и поход на Рим[18], каде што ја примил „книгата ельинска"[19] со претскажувања за идните завладувања и за распространувањето на македонското царство на сите страни на светот. Тој раскажува и „За Альександар като отишол во полденски страни"[20] и се борел против многу силни царства. Оттаму заминал до „Вельикаго Окајана що течет околу всельенаја, а тамо вльегол во пустина без свет и чудни животиње нашол: со льица човечки и со две глави, а со ноги змејьовски билье"[21]. Александар, пишува Пулевски, бил и во „камльивата планина", каде што се борел со „крильясти жени"[22]. Но походите продолжиле, па од „Ингильитера" заминал кон Исток, каде што ја основал Александрија во Египет, Селевк – Селевкија, Антиох – Антиохија, Визант – Византија, заедно крепоста „Едно-Сърце"[23]. Александар заминал за

[14] Ibid, 47-77.
[15] Ibid, 78-194.
[16] Ibid, 195-198.
[17] Ibid, 198-204.
[18] Ibid, 91.
[19] Ibid, 94.
[20] Ibid, 95.
[21] Ibidem.
[22] Ibidem.
[23] Ibid, 97.

Азија, ја освоил Троја и ја добил „книгата Омирова“[24] (се мисли на *Илијадата* од Хомер), а потоа се вратил во Македонија. Фантастичните случки и средбите со необични суштества го следат патувањето на Александар Македонски на походот кон Исток, заземајќи ги Персија, Египет, Вавилон, Индија и борејќи се со многу владетели (Дариј, Поро Персиски, лидискиот цар Крис), но и против „жожиньята“ и против „дивите људи“[25], со „чудни људи, со по 6 роки и со по 6 ноги“ и „људи со кучешки глави“[26], „морски ракови, коњи и људи-ядци“[27]. Александар ја посетил и земјата на „премудрите“ и „Блажените“ луѓе[28], „темната земя“ и земјата на „човекообразни пильинья“[29]; видел „жива вода“ во „животворното езере“, „блага вода ка мед“ во „благо езере“, а ги видел и „Нирајдите“ во друго езеро[30]. За да биде уште понеобична целата приказна, тој се сретнал и со „коњовидни људи“ и „опашести“ луѓе „со по една нога и со опашки ка овци“[31], а се спуштил и на морското дно во кристален ковчег[32] итн. Сето тоа, сите негови походи, како и приказот на неговата смрт, се испреплетени со фантастичност, мистичност и, секако, анахроност.

За тоа кое дело, всушност, му послужило како главен извор на Пулевски за Александровото владеење, самиот го посочува изворот според којшто се раководел и со којшто ги споредувал податоците од другите извори и литература: „За исторички разљики и за кој излогал от кольи ка що је горе речено во житијено царево Альександрово“. Во потрага по изворот според кој пишувал за животот и за делата на Александар, ги разгледавме меѓу другите, и двете изданија на *Историја на Александар Велики* (од 1844 и од 1851 година). Според распоредот на поглавјата, според содржината на текстот, како и според терминологијата преземена, преведена и дадена напоредно во загради, може да се смета дека е многу веројатно Пулевски да ја користел книгата издадена во 1844 година (во Белград) како основа и извор за својата Историја за Александар Македонски. Секако, треба да се има предвид дека Пулевски

[24] Ibid, 99.
[25] Ibid, 134-136.
[26] Ibid, 136.
[27] Ibid, 137.
[28] Ibid 137-143.
[29] Ibid, 144.
[30] Ibid, 145.
[31] Ibid, 145-147.
[32] Ibid, 175-176.

направил верзија на целата приказна со силна драматика и интересни јазични форми, со што добиваме, ако може така да се каже, нова, македонска верзија на приказната за Александра.

За тоа, пак, како е пренесена сторијата, може да се забележи дека голем дел од текстот претставува буквален превод на книгата што ја користел Пулевски. Тоа може да се констатира со споредба на трите текста: оној на Пулевски и двете изданија на „Историјата за Александар Македонски“[33]. Изданието од 1844 година можело да му

---

[33] На пример, писмото на Александар до царот Дариј, кај Пулевски гласи вака:

„Я, Альександър, цар над цареви и самодержец от сијьов свет, а со сила од божји промисъл.

Царе Дарију, убаво зноješ оту от татка ми земаше даванина, а татко ми уще неумрен ме кладе цар.

А ти ме обезчести со високоумијето ти и ме плашеше за да испратиш друг владатель во Макьедония и сакаше да ме кренеш от столон татков ми и да ме доведат во дворот ти за да те служим ка безумно дете.

А сега со сила Божья, као мож, ево дојдох при тебе за спроти ка що сакаше ти от татковина ми да ме кренеш, а сега я ти дојдох сам.

А ти сакаше да ме кренеш от татковина ми, а я тебе не те кревам от твоява. Токо седи си и царувај над Персия, ка що сум ти писал уще по од напред, давај ми даванина и немој да бидеш недоброжельватель.

Завърти я глата и склони се на покорност. А ако некьеш, ни еден од војниците ти не се избавуват, а таке и тебе, чини ми се, от макьедонските роки кья ти се учинит.

А ако не се склонуваш спроти горе речено условије, за 15 дни да си готов со сета војска за до рекана Ерменискa да се бијеме.

Заре я ти идем против тебе јуначки, а не ка дете, ка що мисльеше ти за да те служим“ (Ѓорѓија М. Пулевски, op. cit., 121-122).

Текстот на Пулевски претставува превод на следниов текст од изданието од 1844 година: „Алекса́ндръ ца́ръ на-ца́рѣтата, и̃ самоде́ржецъ на-си́чкиїѫтъ свѣтъ, сосъ си́лата на-вышна҃та Бо́жїа҃ про́мыслъ. Ца́ръ Да́ріе, зна́ешъ добрѣ, защо̀ зе́маше ѿтъ баща̀ ми хара́чъ. То́й преди да оу҃мрѣ̀ поста́виме ца́ръ, а̃ ты ме ѿбесче́сти ѿтъ высокоу҃мїето си, и̃ ме пла́шише да пра́тишъ дрѹ́гъ Господа́рь на Македо́нїа, и̃ да ме и҃зва́дишъ ѿтъ ба́щинѫтъ ми сто́лъ, за да ме доveта́тъ въ дво́рѫтъ ти, да ти рабо́тимъ като безу҃мно дѣте. ѿба́че а̃зъ сосъ си́лата Бо́жїа҃, е̃то чи дойдо́хъ при те́бе мѫ́жъ. Както и̃скаше ты да ме оу҃неправди́шъ, и̃ да ме и҃зва́дишъ ѿтъ ба́щиното ми сто́лъ, а̃зъ ни те и҃зва́ждамъ, но сѣди́ госпо́дствѹвай Персі́а, както ти писа́хъ и̃ по́напредъ, да́вай ми ха́рачъ, и̃ недо́й бѫди́ недоброжела́тель. ѿбарни́ глава́та си, и̃ падни́ поклони́ми се: а̃ко ли нѐ, никой неще се и҃зба́ви ѿтъ войска́та ти, подо́бно и̃ ты ѿтъ рѫцѣ́те Македо́нски: както ми се чи́ни, защо́ ще ста́не. Про́чее бѫди́ гото́въ слѣ́дъ 15: дни́ сосъ си́чката си войскà на рѣка́та А҆рмени́йска да се бі́еме, защо а̃зъ и҃демъ срещо те́бе ю҃на́шки, а̃ не като дѣте, както мы́слеше ты за да ти рабо́тимъ“ (*ІСТОРІА на ВЄЛИКІЙ АЛЕКСАНДРА МАКЕДОНЦА*, 77-78).

Текстот што следи е дел од *Исторія Александра Великоѓъ цара македонскоѓъ...* (1851): „Александър царъ царева и целога света самодржацъ са силомъ всевышнѣга Бога!- Ты добро знашъ царе Дарiе, коликоси ты данка одъ мога отца примао, онъ є дакле мене при смрти своiой царемъ поставiо, а ты мене обезчести, послао си бiо другогъ государа, и мене съ отчина престола да низвргне! па и то си заповедiо бiо,

послужи на Пулевски како подлога за македонскиот превод на Александридата, бидејќи има многу слична, речиси идентична терминологија, а некои многу специфични изрази и зборови се дури и преземени во „Славјанско-маѓедонската општа историја". Оваа „Историјата за Александар Македонски" (1844 година) започнува со текст (наместо вовед) под наслов „Заради Македонїа"[34], којшто Пулевски го употребил дури понатаму во својата приказна. Потоа текстот е речиси идентичен, но преведен на македонски јазик (со јазикот и стилот на Пулевски), со извесни интервенции при преводот. На пример, насловите на Пулевски ја изразуваат суштината на насловите во „Историјата на Александар Македонски", но притоа се видоизменети („за царѧ нектенави" кај Пулевски станало „за цара јегипетски Нектенавия"). Меѓутоа, тој направил и некои посуштествени промени, како што е царската титула. Така, „Фїлїппъ, цáрьо Македóнскїй"[35] во „Историјата за Александар Македонски", кај Пулевски е „крал Филип Македонски", „царицата"[36] (се мисли на Олимпијада) станала „Кралица Олимпијада" итн. Понекогаш испуштал некои зборови, но не без причини, туку најверојатно мислејќи дека на тој начин вршел историски исправки. Пишувањето дека Нектенавија отишол во Македонија во Филиповото село, коешто се нарекувало во старо време Пловдив[37], Пулевски едноставно го скратил и го изоставил податокот како било наречено Филиповото место. Но, исто така, Пулевски не испуштал можност да ја додаде во својот текст и етничката определба „македонски": наместо само „сѝчките дѣцà"[38], кај него стои: „сите деца макьедонски", наместо „сѝчките млáди"[39] додал: „сите млади Макьедонци" итн.

Поголема промена постои во поглавјето „за Александровото раѓање", каде што Пулевски направил комбинација во која прво го

да ме доведу у твой дворъ, да те служимъ, Но я съ помоћу ВсевышнÓга еве ме већъ съ моимъ воинствомъ близу тебе. Ты си мене хтео съ отчиногъ престола бациты, а я съ тобомъ то чинити нећу: седи ты на твомъ престолу и царуй као и досадъ, само ћешъ ми данакъ плаћати: не пристанешъ ли на то, увери се, да ће те мишице Македонске съ престола Персійскогъ низвргнути. Приправи се, дакле, до 15 дана, оћемо се ударити при рецы Арменіи..." (*Исторія Александра Великогъ цара македонскогъ*, 71).

[34] *ICTOPIA*, 1.

[35] Ibid, 4.

[36] Ibid, 5.

[37] Ibid, 4.

[38] Ibid, 14.

[39] Ibid, 21.

користи вториот дел на текстот од првото поглавје „заради Македонıа“ (за што веќе спомнавме) и потоа продолжува со текст од поглавјето „рожденіе и ѡтхранваніе александрово“[40]. Притоа, пишува за „македонскиот крал Филип“, а на кажувањето дека Олимпијада го родила великиот и пречуден Александар, Пулевски додава: „Макьедонски“. Тој го изделил раскажувањето „За Альексанъдър, препатованье и воспитаванье“, иако во оригиналниот текст е заедно со раѓањето. Со тоа ги одделил раѓањето и растењето како логични целини. Така, додека за раѓањето ја направил веќе укажаната комбинација, за растењето и воспитувањето на Александар се држел според основниот текст[41].

Натаму во Историјата од Пулевски следи вметнување: Книга III-кья, „Царственик Вельики Альексанъдров...“, од каде што почнува со Глава I и „за Альексадровото зацаруванье“. Во делот „за от кольку години бил цар Альексанъдър...“ има додадено една реченица од „Смѫртъ Фїлїппова“ (текст од неговиот извор), а повеќе во делот „за како било погребуањето краль Фильипово“. Пулевски продолжува според оригиналот и пишува за смртното легло на Филипа и за жалењето на Олимпијада. Интересно е што неговиот „Царственик Александров“ Пулевски го замислил како посебна целина, па го ставил во посебна „книга“, трета по ред, и ги запишал почетната и последната година од владеењето на Александар (според него од 329 до 311 г. пр.н.е.).

Треба да се забележи дека во претходниот дел Пулевски секаде го нарекува Александра крал, како и кралот Филип и кралицата Олимпијада, иако во оригиналот е употребена насекаде титулата *цар*. Веќе во *Царственик Александров* и Пулевски започнал да ја употребува титулата *цар*, па дури на едно место со царски титули ги именувал и неговите родители, што не е својствено за другиот дел од текстот: „многу ти години, царе Альексанъдре, сине царев Фильипов и царичин Ольимпиядин!“. Но на крајот од приказната, кога пишува за Заветот на Александар, започнува: „Ја, Альексанъдър, цар и самодържец над сијьов свет, а син кральев Фильипов и кральичин Ольимпиядин от Кральевина Макьедонска...“[42], иако во

[40] Ibid, 9.
[41] Ibid, 10-11.
[42] Ѓорѓија М. Пулевски, op. cit., 186.

оригиналниот текст стои само „...сы́нъ на-пречу́днаго Фи́лїппа, и̑ на-ѿлы́мпїа́да...“.[43]

Во текот на целата приказна Пулевски вметнувал или заменувал некои зборови што не соодветствувале на неговата претстава за античките Македонци и за Александар Македонски. Меѓу другото, тој особено се потрудил во својот превод да ги поправи етнонимите (бидејќи тоа е основната задача на историчарот, како што истакнува самиот во Историјата). Така, во делот за смртта на Александар, тој наместо *Елини*[44], напишал *Македонци* („Тики цар Альександър като го видел се зарадвал и го цельивал и му рекол: - Добре ми дошол, многуцена главо, що грејеш ка сълнцено мегьу Макьедонциве ни!“[45]). Пулевски продолжил да вметнува или да додава етнонимски карактеристики на луѓето, предметите и на местата („оружје макьедонско“, „макьедонска војска“, „син му Фильипов Макьедонски“, „цар Альександър Макьедонски“, „макьедонско место“, „народ макьедонски“, „војници макеьедонци“ итн.). Но и во оригиналниот текст се присутни исто такви етнонимски карактеристики на луѓе и на предмети. Така, сосема одговараат на оригиналот пишувањата на Пулевски: „цару Альександру Макьедонскому“; „Альександър, цар макьедонски“; „Македонци“; „Макьедонците си“; „макьедонскиве оружиы“; „војската макьедонска“ и сл. Исто така, Пулевски често употребува и некои нему современи изрази, како во примерот: „А и уще 100 коньи избрани, 50-те цару Альександру, а 50-те царице Роксандре за тебабиыте им“[46].

Конечно, авторот на текст од ваков тип не можел а да не направи и некои грешки и пропусти што се однесуваат главно за погрешно разбрани зборови или изрази. Во случаите кога не можел да разбере за што точно станува збор, Пулевски различно постапувал, а понекогаш и едноставно го испуштал нејасното. Така, на пр., „12: ка́плы съ ка́менѣ“ го превел како „12 каменье скопоцени“ и сл. Остава извесна недоумица и тоа како Пулевски го сфатил зборот „полуе́денъ“, што го предал како „полден“ („Альександър се вратил кон полден“), а особено затоа што потоа следи додадениот наслов „За цара Альександра като отишол во полденски страни“ (и во текстот „пол-денски“). Има повеќе слободни преводи, и тоа главно

[43] Ibid, 146.
[44] *ICTOPIA*, 146.
[45] Ѓорѓија М. Пулевски, op. cit., 178.
[46] Ibid, 179.

во вториот дел од приказната, каде што се чувствува и воопшто поголема слобода во изразот. На пример: „спалъ н̄ си почи́налъ“ кај Пулевски станало „спал и оздравел“. Интересен е и преводот на „1000: хи́лѧды“ во: „еден мильаун војска“; или „30: денonóщчѧ“ во „еден месец деньјајнокья“; или пак „гонителыте“ станале „потерарите“; „соглѣда́телы“ станале „прегльедувачи“; а „ди́выте человѣцы“ ги нарекол едноставно „дивяците“. Понекогаш паралелно со преводот во заграда го дава и оригиналот, на пример: „моченье (мучение)“ или „страшни (ужасни)“.

Имињата на градовите и на личностите главно точно ги пренесува, иако понекогаш прави и видоизменувања или свои конструкции. Таква е промената на „А҃рфа́дій“ во „Арфидия“. Градот, пак, „Троа́да“ го дава како „Троја“, но еднаш и како „Тројада“ (и „троядски“), додека „крѣпостъта́ Фи́ліппова“ станала „Фильипија“. Карактеристично е и неговото именување на жителите на Индија, па во текстот го додава зборот „Индиици“, а потоа „Индиянците“, додека за „жены ынди́йски“ стои „Индиянки“ итн.

Карактеристично за редакцијата од Пулевски на Историјата на Александар Македонски е изменувањето на насловите, главно според формата, додека содржината најчесто сосема одговара на користената подлошка. Во повеќе наврати во насловот стои исказ од првата реченица од пасусот што следи. На пример, насловот „Александръ влѧза въ Римъ“ кај Пулевски е „цар Альександър като вльегол во крепостта римска“, што претставува одраз на текстот што следи под овој наслов.

Со цел да го разубави или за да го објасни дејството, Пулевски вршел и поправки и додавања низ текстот. Понекогаш се работи само за по некој збор, но понекогаш, особено кон крајот на приказната, додавал и цели или делови од реченици. Во рамките на видоизменувањата на насловите треба да се забележат и некои негови творечки обиди за внесување драма, а таков се чини дека е променетиот наслов „Плачъ Поровъ“ во „цар Поро за како тожил бегајещи“. Што се однесува за некои поправки на текстот, треба да се потсетиме на промената на исказот „помежду ѐллините“ во „мегьу Макьедонциве ни“ итн.

Исто така, тој на повеќе места направил нови логични целини, издвоени со посебни наслови, иако во оригиналот не постојат и претставуваат еден цел текст под еден наслов. Вакви интервенции има навистина многу во текстот, па затоа ќе споменеме само еден таков пример, преку кој ќе може да се види колку бил (или не бил)

прав кога ги сторил овие исправки. Така, долгиот текст за труењето на царот Александар под наслов „Цара Альександра за като го отрулье“ тој натаму го разделува во повеќе помали целини: „За кој го отрул цара Альександра“[47], „За цареви Альександрови приятельи що не билье замешани во горе речена завера“[48], „Цар Альександър за като правил гощаванье заради непревидимијьот му смърт“[49] и „Цару Альександру за като му дальe ортујьот“[50].

Смртта на Александар заслужува посебно внимание, бидејќи тоа е прашање за кое и денес се полемизира, а за таа цел се црпат податоци, меѓу другото, и од разните преработки на Романот. Целата приказна околу неговата смрт кај Пулевски може да се постави во три етапи што се однесуваат за причините за смртта, согледани преку она што му претходело на чинот, самиот чин на смртта, како и последиците што следеле. Следејќи ја сторијата според својот извор, Пулевски направил некои измени, дополнувања, објаснувања, како и еден историографски и критички осврт врз сето тоа, со што самиот се претставил не само како наратор туку и како аналитичар.

Делот што можеме да го издвоиме како приказ на условите и на настаните што ѝ претходеле на неговата смрт, започнува, според нашето мислење, со предвидувањето на пророкот Еремија за смртта на Александар по влегувањето во Вавилон[51]. Имено, насон пророкот Еремија му пророкол да се подготви за својата смрт, која ќе биде предизвикана од неговите пријатели. Вознемиреноста на Александар од сонот била очигледна, па војниците морале да го тешат. Сепак, Александар влегол во градот и приредил голема гозба, на која биле собрани не само неговите пријатели и војниците туку тука дошле да му се поклонат и да му донесат давачки велможите и од исток и од запад. Меѓу другите, прикажана е и срдечната средба на Александар со својот учител Аристотел, испратен од мајка му Олимпијада. Драмата околу смртта на Александар Македонски продолжува со вториот чин, во кој се содржи заверата на неговите двајца штитеници, со што ни ги открива сторителите на злосторството; симптомите што се јавуваат и според кои неговиот лекар заклучува дека се работи за труење; претсмртниот завет на Александар за неговите наследници и

[47] Ibid, 183.
[48] Ibidem.
[49] Ibid, 184.
[50] Ibidem.
[51] Ibid, 176-182.

самото умирање. Сето тоа е претставено со посебна драматика и патетика, потенцирајќи ја големината на жртвата преку жалоста на пријателите и казнувањето на убиецот[52]. Конечно, како тажна завршница се јавуваат и последиците од убиството на Александар, прикажани преку смртта на неговиот коњ Букефал и самоубиството на неговата сопруга Роксана[53].

Така, Пулевски открива дека се работи за завера[54] со труење[55], а притоа ни ги посочува и мотивите за тоа. Меѓутоа, иако во користениот извор пишува дека пријателите се договориле да го отруј ат, бидејќи знаеле дека додека е тој жив тие нема да станат хегемони[56], Пулевски како да го занемарил овој исказ, па веднаш пишува за договорената реализација на заговорот, односно дека Александар морал да знае дека му се ближи смртта за самиот да им го раздели кралството. Пулевски ги открива и сторителите на злосторството – двајцата негови штитеници Левкадус (настојник на царската коњушница) и Врионус (виноточец). Како личен мотиви на овие двајца им било одбивањето на Александар да ги пушти да си одат дома за да си ја видат мајка им, но Врионус имал додатен мотив поради тоа што Александар го имал удрено. Притоа се нашол и некој Мидис, па и тој од свои причини се договорил со Врионус да го отруј ат Александра. Меѓутоа, кругот на заговорници се проширил во приказната и на многу други пријатели (освен Пердика, Лизимах, Птоломеј, Филон и Олвиј). Смислувајќи го начинот како да го убијат, тие сметале дека треба да му се даде отров кој ќе дејствува продолжително, за Александар да има време да им го раздели кралството.

---

[52] Ibid, 182-189.
[53] Ibid, 189-191.
[54] Зборот „злопомышлéнїе“ (*ICTOPIA*, 151) кај Пулевски е „завера“ (Ѓорѓија М. Пулевски, op. cit., 183).
[55] Според некои комбинирани анализи од медицински и од историски аспект, извршени од д-р Д. В. Олдак (инфектолог) и Е. Н. Борза (професор по античка историја), тој најверојатно умрел од тифус, предизвикан од бактеријата *Salmonella typhi*. Тие заедно дошле до дијагнозата Salmonella typhy enteritis, со цревна перфорација и парализа (Oldach D. W., Richard R. E., Borza E. N., Benitez R. M., A Mysterious Death, „New England Journal of Medicine“, June 11, 1998, vol. 338, num. 24, 1764-1769; истите резултати се објавени и во „Discover Magazine“, October 1998, vol. 9, num. 10, 22; сп. со статијата: A Mysterious Death, „New England Journal of Medicine“, October 2, 1998, vol. 339, num. 17, 1248-1249).
[56] „Игемóньı“ (*ICTOPIA*, 152). Заговорниците Пулевски ги именува како „приятельи“, „неприятельи“ или „повереници“, а Врионус го нарекува уште „зломисльец“ (Ѓорѓија М. Пулевски, op. cit., 183).

Труењето се случило на гозбата што ја организирал Александар, кога Врионус му дал да испие претходно затруено вино. Пулевски ги прикажал и симптомите што се јавиле по испиениот отров, откако поминало доста време додека почнал да дејствува отровот[57]. Потоа, пишува Пулевски, лекарот Филип, констатирајќи дека се работи за труење[58], увидел дека болеста на Александар е фатална, па продолжил со некои народски третмани[59].

Со интересен јазик и стил, како впрочем и во целата своја книга, Пулевски пишува и за моментот кога Александар прави својот завет за иднината на кралството. Притоа, за разлика од својот извор, според којшто пишувал, тој го вметнал исказот: „...ја со чист совѣст (свест) и со непомърднат разум го пишим мојево завѣщанье“[60]. Она што Пулевски најверојатно сакал да го постигне со таквото претставување е да ја потврди валидноста на заветот, што зависела првенствено од тоа дали Александар бил со непоматена свест. Моментот, пак, на смртта е прикажан обвиткан со мистериозност и со симболика[61]. По смртта, ковчезите на Александар и на Роксана биле пренесени и закопани, наводно, во Александрија.

Можеби најважен наслов од историографски аспект е последниот („Цар Альександър за кога бил роден и за кольку живувал и за кольку години царувал“[62]), во којшто внесува историски факти за неговата биографија. Имено, според Пулевски, Александар царувал 18 години и умрел на 33 години во 311 година пр. н.е. наводно,

---

[57] Ibid, 185. Постои мала разлика помеѓу текстот на Пулевски и оној на неговиот извор во врска во зборовите на Александар со кои тој ги опишува симптомите што ги почувствувал: „какво е̂ товѣ̀ зло̀, гдѣто ми дойдé на сѫрдцéто, коéто ми обвѣрта червáта, и̂ като двоеóстра сѣбѧ преминýва презъ сѫрдцéто ми“ (*ICTOPIA*, 153).

[58] Ѓорѓија М. Пулевски, op. cit., 185. Во изворот што го користел Пулевски, за брзината на ширењето и јачината на отровот, пишува: „отрóвата былà мнóго лкóта, и̂ ти ѡ̂бладáли сúчкото телò“ (*ICTOPIA*, 154).

[59] „А Фильип, лькарот царев Альександров, во сущо време распорал едма моска жива, тики цара Альександра го клал во моската за даму търгат отрујот от снотата даже да си управит царствата си и за да си напишит завѣшаваньето му“ (Ѓорѓија М. Пулевски, op. cit., 186).

[60] Ibidem.

[61] „А коньот царев Альександров що токо го одвелье втрем, во сущо време виделье една звезда като пагьяла от небо, а право кон море одела. Тики со горе речена звезда и еден орел одел со нея. А звездата, като отишла во морето, и начас цар Альександър издихнал.

А мужественијьот и правосудниjьот цар Альександър като издихнал, во сущијьот ден гольем плач и жальост се учинал од сета војска негова що ни до тога, ани досега ни бил, нито кья бидет на сијьов свет“ (Ibid, 189).

[62] Ibid, 191.

Александар се родил во 344 година пр.н.е. од Олимпијада, во 16-тата година од владеењето на Филип, а Александар се зацарил по смртта на Филипа на 15-годишна возраст во 329 година пр.н.е.

Очигледно е дека за животот и делата на Александар Македонски, Пулевски користел и други автори. Тој го консултирал и „*историк Ильовајски*" во неговата „*Свеопща история*" и за тоа јасно ни соопштува повеќепати во текот на своето раскажување, но само во деловите што ги предвидел за објаснувања. Овде можеме лесно да го препознаеме историчарот Д. И. Иловајски, којшто напишал повеќе дела што можеле да бидат искористени од Пулевски[63]. Всушност, овој автор многу му послужил на Пулевски за периодот на владеењето на Александар Македонски, иако и во неговите книги, особено во второспомнатата, можат да се најдат податоци и за многу други цивилизации и народи од антиката и од средниот век. Пулевски направил критички избор на литературата, според којашто го опишува владеењето на Александар Македонски. Така, на пример, во делот „Историчка разлика за војводите Александрови", Пулевски истакнува дека историчарот Иловајски не кажал за заветот на Александар Велики до своите војсководци, според кој тие добиле области на управување, ами кажал дека тие самите си го разделиле меѓу себе Царството. Поради тоа, а и поради тоа што Иловајски и самиот напишал за своето пишување дека не се согласува со Царственикот Велики Александров, Пулевски решил да го продолжи својот расказ „спроти завѣтот Вельики Александров". Значи, бидејќи податоците на Иловајски не се согласувале со оние од „Царственикон Александров", Пулевски навестува дека неговото кажување ќе го прескокне како неупотребливо за во неговата Историја. Тоа потврдува дека тој го користел „Царственикот" како предлошка, а Иловајски како второстепен извор, иако Пулевски го спомнува и историчарот Ф. Шлосер.

Тоа уште еднаш покажува и дека историчарот Ѓорѓија Пулевски истражувал, избирал литература или извори што ќе ги употреби, притоа наведувајќи ги и спротивните податоци и објаснувајќи зошто

---

[63] *Ржководство къмъ всеобщата история.* Съставил Д. Иловайскый. Превелъ Н. Михаиловскыи. Частъ първа, Древныйтъ міръ. Изданіе първо. Книгопродавница Момчилова и С-іе въ Търново и Руссе, 1873, 162-185); (*Ржководство къмъ всеобщата история.* Срѣдний курсъ. Съставил Д. Иловайскый. Прѣведе Д. В. Манчовъ. Одобрѣно отъ Отдѣлътъ на Народното Просвѣштение. Пловдивъ, Печатница и Книжарница на Д. В. Манчовъ, 1879 и сл.

не се согласува со нив. Но тој секогаш наоѓал и можност да ги запише своите забелешки, да даде оцена и свое мислење, обично кратко, а многу суштествено. На пример, тој прави една интересна забелешка за грчките историчари: „за све нещо Гърци що писалье за други народности писалье лажовно и за пресмеванье со шеги". Тој дури и дава препорака до идните историчари, заговарајќи истражување преку критичка анализа на изворите, па на нему својствен начин пишува: „А историкот требет да ги знојет Гърчищана какви шлакатинье се. Баре за од сега допърва друг нека не веруват Гърцине що писалье"[64].

Ракописот „Славјанско-маќедонска општа историја", соодветно на времето и околностите во кои живеел авторот, ги има сите основни елементи на научен труд[65], во кој се забележува научниот пристап на авторот кон проблемите и употребата на научна методологија во согледувањата на историските настани и личности. Пред сè, тој го цитира изворот според кој наведува некој податок, иако понекогаш, или може да се каже многу често, не го користел директно посочениот извор, туку го преземал од друг автор. Низ целиот ракопис можат да се сретнат и забелешки под текстот, и тоа означени со ѕвездичка или со бројка. Исто така, Пулевски користел секогаш повеќе од еден извор и консултирал литература од разни автори за на крајот да направи споредба на нивните мислења, да ги истакне или да ги спротивстави нивните несогласувања и да го каже сопствениот заклучок во врска со сето тоа.

И покрај тоа што Пулевски можеме да го наречеме „наивен истражувач", не можеме да му ја одречеме студиозноста, упорноста, умеењето да проникне во суштината на проблемите, како и јасната претстава за целта на своето пишување. Всушност, сето она што Пулевски во текот на целиот свој живот го проучувал, го пишувал и во кое верувал, го преточил го ова негово последно дело. Со него веќе ја достигнал својата научна зрелост, секако, во согласност со степенот на сопственото образование и околностите во кои живеел, кои се граничеле со неможност и страдање.

---

[64] Ѓорѓија М. Пулевски, op. cit., 194.

[65] Текстот на „Славјанско-маќедонската општа историја" може да се смета и како полн одраз на македонската национална свест на авторот. Пулевски македонскиот народ го именува со вистинското име и јасно зборува за „словестност славянско-макьедонски", за јазикот на „макьедонски сојеви" и за „Макьедонци".

Анализирајќи ја „Славјанско-маќедонската општа историја", сметаме дека Пулевски сепак успеал во намерата да напише сеопфатно дело, во кое синтетички ја претставил македонската историја во балкански контекст. Отстапениот простор, пак, за античката историја и особено за времето на Александар Македонски, притоа и несвесно создавајќи ја македонската верзија на *Романот за Александар* на маќедонски јазик од втората половина на XIX век, го покажува големиот интерес и потребата за оживување на таа херојска епоха од македонската историја. Конечно, без оглед на тоа со колкаво временско задоцнување може научната јавност да го истражува ова дело (напишано пред 1893 година, а целосно објавено дури во 2003 година), сметавме дека е доволно интересно и многу значајно посебно, овој пат само накратко, да се осврнеме врз содржината на нашата прва историја на македонски јазик и притоа посебно да направиме осврт врз приказот на животот на Александар, којшто ја отсликува македонската верзија на Александридата од крајот на XIX век.

Biljana RISTOVSKA-JOSIFOVSKA

# THE NOVEL FOR ALEXANDER AS A SOURCE FOR "SLAVIC-MACEDONIAN GENERAL HISTORY" FROM GEORGIA M. PULEVSKI

**Summary**

„Slavic-Macedonian General History" from Georgia M. Pulevski was first complete historiographic work on Macedonian language, finished by the end of 19th century. Some parts from the manuscript have been published in 1973, but the integral presentation of the text happened in 2003 in Skopje. As a specific expression of the time when the Macedonians were trying to stress the glory of the ancient history of Macedonia, Pulevski dedicated a special attention to Alexander The Macedonian, especially in the „Slavic-Macedonian General History".

The Novel of Alexander is one of the most popular novels in the history of literature, translated in more then 200 languages (also in various Slavic languages). Today, we can add that the „Slavic-Macedonian General History" from Georgia M. Pulevski contains a Macedonian version of the *Alexandrite* from the second half of 19th century, created almost simultaneously as the other Balkan people's versions. Unfortunately, The History from Pulevski was published exactly 110 years after the death of the author, so it remained unknown for the public.